*КРСТЕ АНГЕЛОВСКИ*

# ПРОСВЕТАТА, ШКОЛСТВОТО И УЧИТЕЛСКИОТ КАДАР ВО НОВ И РЕВОЛУЦИЈАТА ВО МАКЕДОНИЈА

Развојот на школството и на просветата се тесно поврзани и зависни од историскиот развој на општеството. Историскиот развој на нашето општество, на нашата земја, на македонското општество, покажува дека со векови е вршен притисок за попречување на прогресивниот од, на прогресивните идеи, на сè она што водеше напред. Просветната политика, пак, претставуваше составен дел на општата политика на владејаечките режими.

## 1. *Состојбата на школството и просветата во Македонија во 1941. година*

Како што е познато, стара Југославија не ја признаваше македонската нација поради што вршеше прогонување и на македонскиот јазик. Политиката на стара Југославија во Македонија на полето на образованието се одвиваше врз паролата: колку населението е помалку писмено толку полесно ќе владееме со него. Училиштата, пак, и просветата треба да претставуваат ефикасно средство за „национално превоспитување" на Македонците, „духовни лаборатории за денационализација", од нив се бараше да „фабрикуваат најдобри Срби", да служат за задушување на македонската национална свест и традиции и за искоренување на мајчиниот македонски јазик. За таа цел сите напредни учители, а посебно учителите-Македонци кои што се занимаваа со политичка активност што не беше на линијата на владата, еба прогонувани а нивната активност етикетирана за „антидржавна", „непријателска", „пробугарска", „предавничка" и сл. Во овој период во училиштата во Македонија работеа голем број учители од другите краишта на Југославија, меѓу кои имаше од емисари на големосрпскиот хегемонизам до комунисти[1]. Напредните учители, покрај другото, органи-

зираа марксистички илегални курсеви, дискусии, педагошки недели, феријални колонии (Асамати, Охрид), подвижни библиотеки со напредна литература а со посебен интерес го разгледуваа и ширеа неделниот весник на македонски јазик „Наша реч" во кој се пишуваше за тешкиот живот на работниот народ во „Македонија" преку кој се влијаеше за будењето на неговата национална свест. Исто така посебно внимание е обрнувано на ширењето на изданијата на КПЈ „Комунист" и „Пролетер". По капитулацијата на стара Југославија, поголемиот број од овие учители се вратија во своите родни места.

## 2. *Школството и учителството за време на окупацијата*

По нападот врз Југославија, на 6 април 1941 г., односно по капитулацијата на стара Југославија, делот на Македонија што беш во составот на Кралството Југославија е окупиран од фашистичка Бугарија и Италија.

За време на окупацијата, во поголемиот дел на Македонија што беше под бугарска воена и цивилна окупаторска власт е задржана скоро истата мрежа на основни училишта како и за време на стара Југославија, но со намален број ученици поради отпорот на Македонците да ги школуваат своите деца на бугарски јазик. Во овие училишта се доведени учители главно од Бугарија, а скоро сите македонски учители се отстранети од Македонија и упатени на работа во Бугарија, „каде што во допир со бугарското население ќе имаат можност подобро да го научат бугарскиот јазик и истовремено ќе им се оневозможи да влијаат врз македонското население"[2]. Оние учители коишто останаа во Македонија главно се вклучија во НОВ како борци или го помагаа ослободителното движење. Бугарската буржоазија не признаваше постоење на македонска нација, Македонците ги третираше како Бугари, а окупацијата на Македонија ја прогласи како ослободување и просоединување кон својата матица — „мајка Бугарија". На бугарските учители им е доверено да работат врз остварувањето на идеалите за голема Бугарија, да је спроведуваат фашистичката политика, „научно" да ја докажуваат и оправдуваат окупацијата и др. Во таа смисла, Богдан Филов, претседател на владата и министер за просвета им се обраќа на учителите со зборовите „... Пред бугарскиот учител, носител на возвишени идеали и на апостолски дух во земјата, стојат отворени не само значајни училишни задолженија ... туку и големи општествени и општонародни задачи ... Историјата нам ни поставува нов идеал — да се изгради Голема Бугарија"[3].

Територијата на западна Македонија, претходно окупирана од германските фашистички војски, веднаш потоа е окупирана од страна на италијанските окупаторски сили, а согласно со познатата Спогодба. Со декретот на кралскиот намесник во Албанија, Франческо Јакономи, од јули 1941 г., сета оваа област

развен градот Ресен е анектирана од Албанија, која и самата претходно е анектирана од страна на Италија во 1940 г. Така, западна Македонија се најде под италијанска воена и албанска цивилна власт.

Веднаш по окупацијата, италијанската окупаторска власт презема мерки за започнување со работа на училиштата во градовите и во некои поголеми селски населби. Во месец мај 1941 г. започнуваат со работа извесен број основни училишта, во кои наставата главно се состоеше во изучување на италијанскиот јазик. За учители се ангажирани воени лица-Италијанци кои што повеќе или помалку го познаваа српскохрватскиот јазик. Ова трае до 15 јуни 1941. г.

### 3. *Отпорот на македонскиот народ против бугарската и албанската просветна политика во окупирана Македонија*

По окупацијата на Македонија, бугарските окупаторски просветни власти организираат специјални „освежителни курсеви", коишто беа бојкотирани од голем број македонски учители. На овие курсеви се изучувани бугарскиот јазик и бугарската национална историја. Исто така е даван отпор и на одлуката македонските учители да бидат праќани на служба во Бугарија. Населението во Македонија ги бојкотираше бугарските училишта и учители, така што повеќе ученици не ги посетуваа училиштата. Одржувани се и јавни протести против воведувањето на бугарскиот јазик во училиштата. Интензитетот на овој отпор расте од ден на ден со разгорот на НОВ, така што во учебната 1943/44 г. бугарскиот училиштен систем во окупирана Македонија е веќе толку разнишан што се наоѓа пред конечно распаѓање. За тоа ни сведочат и честите извештаи на самите бугарски просветни власти." ... Учителството е зафатено со паника, која што не му дава мир за никаква работа ... Учителите се заплашени дека ќе бидат убиени ако предаваат бугарска историја и бугарски јазик ... Учителите сакаат да бидат вратени во старите краишта, бидејќи се заплашени и им е оневозможена работата ... Во таква состојба ние треба со сили да га поставуваме учителите во местата каде што треба да служат, но тие ги напуштаат тие места, и покрај строгите наредби да останат таму"[4]. За паниката за бугарските учители и за бесот на нивните претпоставени сведочи и циркуларното писмо на околискиот училишен инспектор од Охрид доставено до сите училишта во околијата, во кое, меѓу другото, стои и ова: „Во околијата зачестија своеволните отсуства на учителите. Многу учители, убедени во добрите чувства на училишниот инспектор спрема своите колеги, почнаа да ги посетуваат пазарите кога ќе им падне на ум, не барајќи одобрение и не информирајќи никого. Оставам на самите учители да размислат и оценат дали е достојно да се злоупотребува довербата и добрите чувства што ги манифестира некој спрема тебе. Колку

е ниско и подло да ги ограбуваш духовните интереси на учениците, кога си задолжен да ги чуваш тие интереси, колку е мизерно да чекаш прилика и бадијала да го трошиш времето во безделничење и во егоистичка поспаност на моралната волја . . . Поради таквите неодговорни отсуства досега се лишени од плата десет учители во околијата"[5].

Со припојувањето на западна Македонија кон Албанија (во јуни 1941 г.), односно на почетокот на учебната 1941/42 г. албанските окупаторски власти пристапуваат кон отворање на училишта со албански наставен јазик во населбите во кои живееше население од албанска народност, но и во тие со мешано па и со чисто македонско население. Македонските деца за првпат во својата историја беа принудени да посетуваат албански училишта во кои наставата се изведуваше на албански јазик. На ваквата политика населението остро реагира и се противставува со организирање на протестни митинзи и демонстрации. „Во учебната 1942/43 г., во врска со воведувањето на албански јазик во училиштата, населението, заедно со учениците, одржа демонстрации против воведувањето на албански јазик во училиштата, зашто тој јазик за нив е туѓ и неразбирлив. Меѓутоа, и по овие демонстрации албанскиот јазик е воведен во училиштата, а неколку истакнати демократи се одведени во албанскиот затвор во Корча и се осудени на шест месеци затвор"[6]. Така големоалбанските квинслинзи, кои што ја држеа целокупната административно-судска власт во свои раце, веднаш по окупацијата на западна Македонија почнаа со реализација на својата денационализаторска политика во која училиштата требаше да одиграат значајна улога. Меѓутоа, поради неможноста да се обезбеди потребен наставен кадар, а и поради отпорот на населението, албански училишта се отворени само во градските и во општинските центри, како и во некои поголеми села. Скоро сите учители се доведени од Албанија. Некои од нив се оспособувани преку импровизирани курсеви. И наставата и сите учебници се ставени во служба на остварување на големоалбанската политика и беа проткаени со фашистички дух. Со капитулацијата на фашистичка Италија, а под притисок на интензивниот развој на НОБ, поголем број учители ги напуштија училиштата во окупирана Македонија и се вратија во Албанија. Задржани се и продолжија да работат само албанските училишта во оние поголеми центри каде што беше сконцентрирана германска војска и балистички банди, а во кои цивилната албанска власт беше малку постабилна.

## 4. *Школството и просветата — една од основните борбени задачи на НОВ и Револуцијата*

### 4.1. *Културно-просветната дејност во окупирана Македонија во 1941—1943 год.*

Просветната и културната дејност се сфаќани и третирани како мошне значајни актуелни револуционерни задачи на НОБ

и Револуцијата на Македонија. За тоа сведочи големото внимание што му е посветувано на оваа дејност уште со формирањето на првите партизански одреди во есента на 1941 година, иако под вонредно тешки услови. Во партизанските одреди со оваа дејност раководеа посебни културно-просветни комисии под непосредно раководство на политичкиот комесар. Функцијата на овие комисии беше определена од страна на Главниот штаб на Македонија со Општо упатство (директива) во јули 1942 год. Всушност, политичкиот комесар и членовите на културно-просветните комисии се првите просветни и културни работници во периодот на НОВ и Револуцијата. Покрај другите активности (издавање партизански печат, организирање и подготвување на културно-просветни приредби за партизаните и населението), организирани се и аналфабетски курсеви, посебни предавања од културата, литературата, филозофијата, географијата, математиката и посебно од македонската и историјата на другите југословенски народи. Квантитетот и квалитетот на овие активности перманентно се зголемува особено по формирањето на првите регуларни единици — баталјони и бригади — во 1943 година, за што посебна грижа водат агит-проп одделенијата на овие единици, односно Главниот штаб.

### 4.2. *Првите училишта и учители на слободната територија во 1943 година*

Со создавањето на слободната територија во летото 1943 година, посебно со капитулацијата на фашистичка Италија во септември истата година, се создаваат поволни можности за побогат и поразновиден културно-просветен и културно-забавен живот. Главниот штаб на Македонија донесува одлука да се отворат училишта на ослободената територија. Така, во 1943 година се организирани и почнаа да работат првите училишта во кои наставата се изведуваше на македонски јазик. Тоа претставува чин од посебно историско значење за македонскиот народ. Појавата на први македонски училишта, наспроти ненормалните услови за работа (повремени прекини поради честите непријателски напади) има повеќекратна улога, како просветна така и политичко-мобилизаторска. Отворањето на првите училишта значеше практична потврда на прокламираната политика на КПМ. Работата во овие училишта им беше доверена на борци од партизанските единици кои што имаа извесно образование или на напредни младинци-гимназисти. Бидејќи немаше квалификуван учителски кадар (само 2—3 учители со завршена учителска школа), илегално е издаден проглас со кој се повикуваат сите оние што завршиле четврти клас гимназија (сегашно осумгодишно училиште) да бидат учители. Единствен услов за вршење на оваа функција беше да бидат добри младинци, а по можност и скоевци. Овие младинци-учители не жалеа труд на младото поколение и на сите посетители на училиштата да им

го пренесат борбениот дух, да ги воспитуваат во духот на НОВ, братството и единството, омразата спрема окупаторот и домашните предавници. Акцентот беше врз патриотското воспитување. Учениците се подготвуваа и самите да соработуваат, да ја помагаат НОВ, се разбира — според своите можности. Со оглед на тоа што немаше наставен план и програми ниту македонски учебници, училиштата работеа според наоѓањето и умеењето на учителите. В суштост тие беа вистински партизански училишта. Овие училишта беа посебна цел на нападите на непријателот, зашто тој во нив гледаше елементи на македонска државност. Впрочем, учениците, како и децата воопшто, беа главна цел на теророт и масакрот на непријателот во текот на целата НОВ. Затоа овие училишта работеа со прекини во есента 1943 и првите месеци на 1944. година.

### 4.3. *Отворањето на училишта со ослободувањето во 1944 година*

До Првото заседание на АСНОМ, Иницијативниот одбор за свикување на ова заседание и Главниот штаб на Македонија беа организатори и носители на културно-просветната политика. На Првото заседание на АСНОМ одржано на 2. 8. 1944 г., со конституирањето на Македонија во федерална единица во составот на ДФЈ, АСНОМ, како највисоко политичко и законодавно тело на новата македонска држава, помеѓу другото донесе одлука народниот македонски јазик да се воведе како службен јазик во македонската држава не негирајќи ги и јазиците на народностите[7]. Воведувањето на македонскиот јазик како службен јазик на федералната македонска држава е санкционирано со посебна одлука на АСНОМ поради големото значење, зашто владите на соседните балкански држави во своите аспирации поаѓаа од негирањето на македонскиот јазик и од стремежот за асимилација на македонскиот народ пропишувајќи забрана на македонскиот јазик. Затоа борбата на македонскиот народ за национална слобода е истовремено и борба за признавање на македонскиот јазик и на правото на македонскиот народ него да го употребува. Еден месец по Првото заседание на АСНОМ, на седницата на Президиумот одржана на 2. 9. 1944 година е дискутирано за просветната политика воопшто и за потребата од преземање мерки „просветата да се прошири во сите катчиња за земјата, за што треба да се изврши што пошироко мобилизација на сите сили, со оглед на заостанатоста на просветата"[8]. На оваа седница е разгледано и прашањето на наставниот кадар и е донесен заклучок да се ангажираат младинци со ниже образование како и такви што немаат достатно образование, „ама кои се погодни за просветна работа". Така паралелно со ослободувањето во есента на 1944 година почнува процесот на организирање на основно школство на територијата на Македонија. Отворањето на првите училишта на македонски

јазик се одбележува со посебни свечаности, митинзи, со реферати за значењето на новоотворените македонски училишта и со дефиле на наставниците, учениците, борците и населението. Иако под мошне тешки материјални, кадровски и др. услови во првата учебна година 1944/45 — се отворени (некаде порано некаде подоцна, онака како што се одвиваше процесот на ослободувањето на одделните краишта) 927 четиригодишни основни училишта, во кои работеа 337 учители со оформено педагошко образование и околv 1500 студенти и ученици од VI клас нагоре коишто се оспособуваа за учители. Президиумот на АСНОМ — Повереноство за просвета — определува посебни критериуми за избор, односно наименување на учители во основните упилишта[9]. Во однос на образованието, покрај завршена учителска школа, за учители се прифаќани и ученици со завршен VIII, VII и VI клас на било које средно училиште, вилучително и егзархиско. Поради големиот недостиг на учители, апелирано е што поголем број ученици од VII и VI клас на средните училишта да се пријавуваат за учители со право на крајот на учебната година приватно да го полагаат класот. За училиштата на албански и турски наставен јазик е дадена можност да бидат учители и лица со завршен V клас гимназија[10]. Со цел да се ублажи проблемот на недостиг на учители, покрај преземените мерки, Президиумот на АСНОМ издаде наредба за ослободување од редовите на НОВ на сите студенти и ученици со завршен VI клас гимназија и нагоре и да се стават на располагање на околиските НОО да бидат ангажирани за учители[11]. За учителите од другите народи (Срби, Црногорци, Бугари), кои што не се занимаа од Македонија, како услов за работа како учители во македонските училишта се бараше следното: а) да го знаат македонскиот јазик, б) да се оженети односно омажени за Македонка односно Македонец. Учители можеа да бидат и пензионери и постари од 60 години, но според „лична проценка" (веројатно на училишниот инспектор.) Президиумот, а особено неговото Повереноство за просвета, и натаму перманентно водат грижа и преземаат мерки едновремено со ослободувањето на одделни краишта на Македонија да се преземаат мерки и вршат подготовки за отворање на училишта. Така, на пр., Президиумот на АСНОМ — Повереноство за просвета — во актот бр. 12 од 30. 9. 1944 г. упатен до обласните НОО, бара да се стори „сè што е можно да започне настава во нашите училишта на ослободената територија"[12]. За таа цел, им се препорачува на НОО „ако училишната зграда е зафатена со војска и ако не може да се приспособи друга, Месната команда да се замоли зградата да се ослободи . . . Ќе се работи со оние учителски сили со кои располагаат НОО".

### 4.4. *Оспособувањето на наставниот кадар за работа во новоотворените училишта*

Покрај грижата за обезбедување на училиштата со потребен наставен кадар, и имајќи го во вид степенот на нивното образование, Президиумот на АСНОМ уште во првите месеци на првата учебна година презема мерки за оспособување на наставниот кадар за што поуспешно вршење на функцијата наставник. За сите наставници без педагошко образование се организирани задолжителни педагошки курсеви. Се смета дека со курсевите организирани во месеците ноември и декември 1944 г. беа опфатени над 1500 ученици и студенти[13]. Курсевите траеја најмалку по две недели а со предавањата беа опфатени содржини од: а) Општа педагогија, б) Детска психологија, в) Дидактика и методиките, г) Политичко воспитание („да се зборува за историјата на Македонија од Преродот до денес и главно за мисијата на денешната борба"), д) Пеење („да се научат сите партизански песни")[14]. Освен преку курсеви, на учителите им е давана стручна и педагошка помош уште од првите денови на учебната година и преку околиските училишни инспектори и одговорни се учители[15]. Грижата на новата народна власт го опфаќаше и прашњето за сместување, исхрана и плаќање на просветните работници. Прашањето за наградување извесно време беше отворено. „Прашањето на плати сè уште е отворено. Сега е решено вака. Секој НОО ја презема издршката на учителите а за градските учители — Градскиот одбор, сè додека не се реши ова прашање. Сите НОО треба да изнајдат начин да обезбедат средства дури не се донесе општ закон за финансирање на државата"[16]. За плаќањето на учителите најречито зборува и расписот на Обласниот НОО — Битола упатен до околиските НОО, во кој стои: „Со отпочнувањето со работа на училиштата во вашата околија, во селата се упатени учители-другарки кои не се од тие места. Бидејќи сега засега нашата млада држава не може да обезбеди редовни плати за учителите, затоа се задолжуваат околиските, општинските и селските НОО да се грижат за издршката на учителите: да им се обезбедат стан и храна. Спрема податоците со кои располагаат просветните одделенија, во многу места учителите не добиваат редовно храна и стан, кое нешто лошо се одразува на младите учители, полни со волја за работа. За да им се помогне Просветното одделение препорачува учителите, ако сакаат, можат да земаат храна од НОВ, тему каде што по селата има војска, а таму каде што нема, одборите да се потрудат за нивното редовно снабдување со храна, како би можеле со волја да ја обавуваат својата работа. Затоа се наредува на Околиските одбори во оваа смисла да им пишат на своите општински и селски одбори во нивната околија, да направат сè што можат за исхраната на учителите кои ги учат нивните деца"[17].

## 5. *Резиме*

Просветната политика на фашистичка Бугарија на окупираната територија на Македонија претставуваше составен дел на општата политика на бугарската фашистичка влада. Нејзина цел беше преку воспитанието и образованието што поуспешно да ја реализира и оправда својата фашистичка денационализаторска и асимилаторска политика. За спроведување на оваа политика во окупирана Македонија се поставени учители главно од Бугарија (Бугари).

Целта на воспитанието и образованието во западна Македонија, која што беше окупирана од страна на италијанските, односно од албанските фашисти, беше иста како и на бугарските фашисти. Македонскиот народ уште од првите денови на окупацијата даваше силен отпор на ваквата политика. Од почетокот на НОВ големо внимание ѝ е посветувано на културно-просветната дејност. Таа е третирана како борбена задача и за борците и за населението. Во партизанските одреди со оваа дејност раководеа посебни културно-просветни комисии под непосредно раководство на политичкиот комесар. Всушност, политичкиот комесар и членовите на културно-просветните комисии се првите просветни и културни работници во периодот на НОВ и Револуцијата. Првите училишта на македонски јазик се отворени на слободната територија во западна Македонија во 1943 г. Тие беа вистински партизански училишта.

По победата се организира нов социјалистички училиштен систем. Дојде до излив на со векови ограничуваната и акумулирана творечка енергија во Македонија. Историјата, новото време, слободата бараа да се надомести она што му беше со векови одземано на македонскиот народ и на народностите. Едно од основните обележја на воспитувањето и образованието (на културно-просветната дејност) во времето на НОВ и Револуцијата беше неговата масовност, сеопфатност и неформалност: масовно учество на децата, младината, возрасните и старите, мажите и жените, неписмените и писмените како во борбата, во создавањето на новото општество, така и во создавањето на нов социјалистички воспитно-образовен систем. Покрај училиштата и напоредно со нив работат и бројни вонинституционални форми на образование и воспитание. Оттука, и како ученици и како наставници-воспитувачи се јавуваат разни профили на кадри-ентузијасти и без формални но со вистински револуционерни квалификации и квалитети. Учителите не беа класични, школски учители, туку вистински народни учители, народни просветители, учители-воспитувачи, борци, политички и општествени работници, масовници, скоевци и револуционерни младинци, пионерски раководители.

## ЗАБЕЛЕШКИ

[1] Од прогресивните учители ги набројуваме: Димитрие Бајалица (роден во Босна), член на КПЈ од 1940 г., носител на „Партизанска споменица 1941", беше учител во с. Растеш — Бродско и во с. Витоше. Стеван Ковачевиќ (Црна Гора), член на КПЈ од 1939 г., носител на „Партизанска споменица 1941", учител во с. Оштрилци — Крушевско. Радован Теодосиќ (Србија), член на КПЈ од 1937 г., учител во с. Муртино — Струмичко, Арсо Милатовиќ (Ц. Гора), член на КПЈ од 1939 г., носител на „Партизанска споменица 1941", учител во с. Дедели, Обрад Цицмил (Ц. Гора), член на КПЈ од 1941 г., носител на „Партизанска споменица 1941", учител во Св. Николе и Радовиш.

Извор: Учесници и сведоци, Зборник сећања о делатности напредног учитељства Југославије до 1941. г., књ. I, Београд 1974.

[2] „Просветно единство", VIII 1941, бр. 312, стр. 12—16. Цитирано според Р. Терзиовски; „Некои аспекти денационализаторската и асимилаторска политика на фашистичка Бугарија во окупирана Македонија (1941—1944), Гласник на ИНИ, год. XII, бр. 1, Скопје 1968, стр. 28.

[3] Архивски материјал пронајден во училиштето во с. Јанковец — Ресенско. Окржно на Областна училиштна инспекција Битола, бр. 403 од 20. 9. 1941. г. користено Окржно на Министер-претседател и Министер на Народното просвещение г. проф. Б. Филов, бр. 9930 од 10. 9. 1941 г.

[4] Околински историски архив — Т. Велес : Фонд Околиски училиштен инспектор, арх. бр. 10, Доверлива преписка од 1942/43 г., писмо бр. 462 од 8. 9. 1942 и бр. 484 од 10. 9. 1942 г.

[5] Архивски материјал пронајден во училиштето во с. Јанковец — Ресенско. Окржно на Околиски училишен инспектор Охрид, бр. 756 од 18. 17. 1943 г.

[6] Летописна књига на Централното основно училиште „Димитар Влахов" с. Љубојно — Преспанско.

[7] За сето време на НОВ во 1941—1945 г., без никакви нормативи и директиви, целокупната преписка меѓу партиските организации, воените единици, органите на народната власт и другите органи се вршеше на македонски јазик. Извор: Историја на македонскиот народ, „Просветно дело", Скопје 1972, стр. 409.

[8] Зборник на документи на АСНОМ 1944—1964, ИНИ, Скопје 1964., стр. 320—321.

[9] Историски архив — Охрид. Акт на Президиумот на АСНОМ — Поверенство за народна просвета, бр. 120 од 8. 12. 1944 г.

[10] Историски архив — Охрид. Акт на Обласниот НОО Битола, бр. 868 од 13. 12. 1944 г.

[11] Историски архив — Охрид, Акт на Охридскиот околиски НОО — Просветен оддел, бр. 4 од 16. 11. 1944 г., упатен до Штабот на II корпуска област и до Командата на II корпуска област.

[12] Историски архив — Охрид, Акт на Президиумот на АСНОМ — Поверенство за просвета, с. Врановци.

[13] За задоволување на потребите на основното образование на Македонија беа потребни околу 3.000 учители, а со оформено педагошко образование имаше само 337.

[14] Историски архив — Охрид, Акт на Обласниот НОО — Просветен оддел — Битола, бр. 487 од 29. 11. 1944. г.

[15] За неколку училишта имаше одговорен учител задолжен да врши преглед и да дава упатства и друга помош во работата.

[16] Историски архив — Охрид, Акт на Обласниот НОО — Просветен оддел — Битола, бр. 822 од 12. 12. 1944 г.

[17] Историски архив — Охрид, Акт на Обласниот НОО — Просветен оддел — Битола, бр. 762 од 6. 12. 1944 г.

*KRSTE ANGELOVSKI*

## EDUCATION, THE SCHOOL SYSTEM AND TEACHERS DURING THE NATIONAL LIBERATION WAR AND SOCIALIST REVOLUTION IN MACEDONIA

Education and cultural activity were considered and treated as very current and revolutionary assignments during the National Liberation War and socialist revolution in Macedonia. This activity was considered as a combat assignment both by the fighters and the population. In the partisan detachments this activity was organised by special committees for culture and education, under the direct supervision of the political commissioner. In fact, the political commissioner and the member of the committees for culture and education were the first educational and culture activists during the period of the National Liberation War and revolution. The first schools with instruction in Macedonian were opened on the liberated territory of western Macedonia in 1943, and simultaneously with liberation, in the autumn of 1944, schools were opened all over Macedonia. The teachers were engaged not for their formal but for their true revolutionary qualifications and qualities. The teachers were not the traditional school teachers but rather true people's teachers, national educators, teachers-character formers, fighters, social and political activists, collectivists, members of the League of Communist Youth of Yugoslavia and young revolutionaries, pioneer children's leaders.